# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 109 Год. LXIV Понеделник, 1 септември 2008 Цена на овој број е 90 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## С О Д Р Ж И Н А


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2155. | **Одлука** за формирање на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија | 2 |
| 2156. | **Решение** за именување на раководител, членови и заменици членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија............................................ | 2 |
| 2157. | **Решение** за изменување на Решението за престанување на службата на нотарот…………………………………… | 3 |
| 2158. | **Одлука** за избор на судија на Управен суд.................................................... | 3 |
| 2159. | **Одлука** за избор на судија на Основниот суд Гостивар................................. | 3 |
| 2160. | **Одлука** за избор на судија на Основен суд Куманово................................. | 4 |
| 2161. | **Одлука** за избор на судија на Основниот суд Кочани................................... | 4 |
| 2162. | **Одлука** за избор на судија на Основниот суд Ресен....................................... | 4 |
| 2163. | **Одлука** за избор на судија на Основен суд Свети Николе.......................... | 4 |
| 2164. | **Одлука** за избор на судија на Основниот суд Штип...................................... | 4 |
| 2165. | **Одлука** за избор на судии на Основен суд Тетово…………………………….. | 5 |
| 2166. | **Одлука** за избор на судии на Основен суд Скопје I Скопје…………………… | 5 |
| 2167. | **Одлука** за избор на претседател на Апелационен суд Битола…………….. | 5 |
| 2168. | **Одлука** за избор на судија на Апелационен суд Битола…………………… | 5 |
| 2169. | **Одлука** за избор на судија на Основниот суд Прилеп……………………… | 6 |
| 2170. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. | 6 |
| 2171. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. | 6 |
| 2172. | **Решение** од Судскиот совет на Република Македонија.................................. | 6 |
| 2173. | **Оглас** за избор на претседател на Основен суд Тетово.................................. | 6 |
| 2174. | **Оглас** од Судскиот совет на Република Македонија...................................... | 7 |
| 2175. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата..... | 7 |
| | **Огласен дел**............................................. | 1-24 |

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**2155.**

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУРЕСОРСКА ГРУПА ЗА КРЕИРАЊЕ НА МИГРАЦИОНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се формира Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика во Република Македонија.

Член 2

Со Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика во Република Македонија ќе раководи претставник од Министерството за внатрешни работи.

Член 3

Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика на Република Македонија, ќе биде составена од претставници од: Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, Министерството за економија и Државен завод за статистика.

Член 4

Членовите на Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика на Република Македонија, ќе бидат именувани со решение од Владата на Република Македонија.

Член 5

Тежиштето на активностите на Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика на Република Македонија ќе биде насочено кон остварување на следниве задачи:

- Советодавна улога на Меѓуресорската група, преку укажувања до соодветните министерства за измени и дополнувања во постојната законска регулатива со цел креирање на соодветна миграциона политика на Република Македонија;
- Воспоставување на механизам за мониторинг на миграционите токови;
- Изготвување на Резолуција за миграциона политика согласно одредбите од Законот за странци и Законот за вработување и работи на странци;
- Дефинирање и ажурирање на миграциониот профил на годишно ниво.

Член 6

За реализација на оваа одлука се задолжува Министерството за внатрешни работи.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4007/1
26 август 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Ивица Боцевски,** с.р.

---

**2156.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА РАКОВОДИТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И ЗАМЕНИЦИ ЧЛЕНОВИ НА МЕЃУРЕСОРСКА ГРУПА ЗА КРЕИРАЊЕ НА МИГРАЦИОНАТА ПОЛИТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. За раководител на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија се именува Јованче Аспровски, виш полициски советник за илегална миграција и прекуграничен криминал во Министерството за внатрешни работи.

2. За членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија се именуваат:

- Сузана Илиевска, од Министерството за внатрешни работи
- Надица Велевска, од Министерството за внатрешни работи
- Весна Лукановска, од Министерството за внатрешни работи
- Десанка Донева, од Министерството за внатрешни работи
- Светлана Влаховиќ Димановска, од Министерството за внатрешни работи
- Стојан Трајанов, од Министерството за труд и социјална политика
- Дејан Ивковски, од Министерството за труд и социјална политика
- Никола Тодорчевски, од Министерството за надворешни работи
- Марија Николова, од Министерството за економија
- Ана Ангелова, од Секретаријатот за европски прашања
- Благица Новковска, од Државен завод за статистика
- Линдита Ќазими, од Министерството за образование и наука
- Тони Јакимовски, од МАРРИ Регионален центар.

3. За заменици членови на Меѓуресорска група за креирање на миграционата политика на Република Македонија се именуваат:

- Венко Јошевски, од Министерството за внатрешни работи

- Лидија Велковска, од Министерството за внатрешни работи
- Ванѓа Зикова, од Министерството за внатрешни работи
- Наце Стојковски, од Министерството за внатрешни работи
- Ана Поп Ташева, од Министерството за внатрешни работи
- Сунчица Крстева, од Министерството за внатрешни работи
- Душанка Карамитре, од Министерството за труд и социјална политика
- Константин Дораковски, од Министерството за надворешни работи
- Милија Бјекиќ, од Министерството за економија
- Симонида Кацарска, од Секретаријатот за европски прашања
- Славка Атанасова, од Државен завод за статистика
- Ѕвездана Тортевска, од Министерството за образование и наука.

4. Во работата на Меѓуресорската група може да земат учество по потреба и други членови од релевантни институции како и претставници од Меѓународни организации пред се: Меѓународната организација за миграции – ИОМ и Фондот за население на ОН-УНФПА.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-4007/2
26 август 2008 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
**Ивица Боцевски**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**2157.**

Врз основа на член 14 став 1 точка б) и став 2) од Законот за нотаријатот (“Службен весник на РМ“ бр. 55/07 и 86/08), министерот за правда на ден 27.08.2008 година го донесе следното

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА СЛУЖБАТА НА НОТАРОТ

Точката 2 од решението број 09-4736/1 од 1.08.2008 година, се менува и гласи:

2. Решението влегува во сила на 31.08.2008 година.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На нотарот Никола Кајчевски од Скопје, роден на 28.08.1943 година, со решение број 09-4736/1 од 1.08.2008 година, му престана службата нотар по сила на закон поради наполнети 64 години живот.

Со оглед дека решението е донесено на 1.08.2008 година и истото влегува во сила со денот на донесувањето, не е оставен период во кој нотарот би ги довршил започнатите нотарски работи.

Со цел да се заштитат правата на граѓаните, а и угледот на нотаријатот како јавна служба министерот за правда донесе решение како во диспозитивот на истото.

Бр. 09-4736/4
27 август 2008 година
Скопје

Министер за правда,
**Михајло Маневски**, с.р.

---

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2158.**

Врз основа на Амандман XX1X на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и чл. 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА УПРАВЕН СУД

1. За судија на Управен суд е избран:

1. Лулзим Салиу - началник во СВР Тетово.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1695/1
27 август 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**2159.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ГОСТИВАР

1. За судија на Основниот суд во Гостивар е избран:

1. Фадил Џелили – виш соработник во Агенција за државни службеници на РМ.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1696/1
27 август 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

**2160.**

Врз основа на Амандманот XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и чл. 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на ден 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**

1. За судија на Основен суд Куманово е избрана:
1. Лидија Велиновска-адвокат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1697/1 Судски совет
27 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

---

**2161.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и чл. 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на ден 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД КОЧАНИ**

1. За судија на Основниот суд во Кочани е избран:
1. Дарко Ристов-адвокат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1698/1 Судски совет
27 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

---

**2162.**

Врз основа на Амандман XX1X на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и чл. 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД РЕСЕН**

1. За судија на Основниот суд во Ресен е избрана:
1. Виолета Крстиновска – адвокат.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1699/1 Судски совет
27 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**2163.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и чл. 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на ден 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ**

1. За судија на Основен суд Свети Николе е избрана:
1. Валентина Буровска - стручен соработник во Основен суд Свети Николе.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1700/1 Судски совет
27 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

---

**2164.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ШТИП**

1. За судија на Основниот суд во Штип е избран:
1. Емил Пилатов – адвокат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1701/1
27 август 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

**2165.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2006) и чл. 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на ден 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО**

1. За судии на Основен суд Тетово се избрани:
1. Суад Алиу-стручен соработник во Основен суд Тетово;
2. Садула Изаири-генерален директор на АД „Македонска пошта" Скопје;
3. Иљир Реџепи-вработен во МВР.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1702/1
27 август 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

**2166.**

Врз основа на Амандман XX1X на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2006) и чл. 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИИ НА ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1 СКОПЈЕ**

1. За судии на Основен суд Скопје 1 Скопје се избрани:
1. Ивица Стефановски – Државен правобранител на РМ во Велес;
2. Џенета Бектовиќ – стручен соработник во Основен суд Скопје 1 Скопје;
3. Шукри Сабриу – советник во МНР;
4. Моника Бахчовановска – стручен соработник во Основниот суд Скопје 2 Скопје;
5. Иван Џолев – стручен соработник во Основниот суд Скопје 1 Скопје.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1703/1
27 август 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

**2167.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2006) и член 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

1. За претседател на Апелационен суд Битола е избрана:
1. Даница Ристева – судија на Апелационен суд Битола.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1704/1
27 август 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

**2168.**

Врз основа на Амандман XXIX на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2006) и чл. 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на ден 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД БИТОЛА**

1. За судија на Апелационен суд Битола е избрана:
1. Татјана Сусулеска-судија во Основен суд Прилеп.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07-1705/1
27 август 2008 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

**2169.**

Врз основа на Амандман XX1X на Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2005), член 41 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2006) и чл. 42 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија, на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА СУДИЈА НА ОСНОВНИОТ СУД ПРИЛЕП**

1. За судија на Основниот суд во Прилеп е избран:
1. Никола Крстески – адвокат.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 07-1706/1 Судски совет
27 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**2170.**

Судскиот совет на Република Македонија, врз основа на член 73, став 1, 2 и 3 од Законот за судовите и член 47, став 1 од Законот за Судски совет на Република Македонија, на седницата одржана на ден 26.08.2008 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Никола Ивановски, судија во Основен суд Скопје I – Скопје, поради избор за член на Совет на јавни обвинители на Република Македонија.

Со денот на престанокот на судиската функција на судијата му престанува правото на плата како судија заклучно со 26.08.2008 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр. 07-1715/1 Судски совет
29 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**2171.**

Судскиот совет на Република Македонија, врз основа на член 73, став 1, 2 и 3 од Законот за судовите и член 47, став 1 од Законот за Судски совет на Република Македонија, на седницата одржана на ден 26.08.2008 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Бесим Реџепи, судија во Основен суд Гостивар, по сопствено барање.

Со денот на престанокот на судиската функција на судијата му престанува правото на плата.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр.07-1716/1 Судски совет
29 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**2172.**

Судскиот совет на Република Македонија, постапувајќи согласно член 32, член 47 став 1 алинеја 3 и член 50 од Законот за Судски совет на Република Македонија (“Службен весник на РМ“ бр. 60/2006), на седницата одржана на 26.08.2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува престанок на судиската функција на Красимира Паковска, судија во Основен суд Скопје II – Скопје, поради исполнување на условите за старосна пензија од 28.06.2008 година.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

Бр.07-1717-1 Судски совет
29 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

**2173.**

Врз основа на член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија објавува

**О Г Л А С**
**ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОСНОВЕН СУД ТЕТОВО**

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 45 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 58/06), (државјанин на Република Македонија, активно да го владее македонскиот јазик, работоспособен и да има општа здравствена способност, да има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија или нострифицирана диплома од правен факултет од странство, да има положено правосуден испит во РМ), и член 47 став 3 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06) (кандидатот за претседател кој се избира од редот на судиите на РМ за време од четири години, да приложи Програма за работа во текот на мандатот), пријавата со потребните документи во оригинал или во заверена копија, како и Програмата за работа во текот на мандатот да ја достават до Судскиот совет на Репуб-

лика Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

Некомплетните пријави нема да се разгледуваат.

Бр. 07-1720/1 Судски совет
29 август 2008 година на Република Македонија,
Скопје Претседател,
**Беќир Исени,** с.р.

---

**2174.**

Врз основа на член 39 и член 45 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр. 60/2006), а во врска со Одлуката за утврдување на бројот на судиите во судовите на Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр. 65/2007), Судскиот совет на Република Македонија објавува

## О Г Л А С

За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Скопје 1 Скопје;

За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Скопје 2 Скопје;

За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово;

За избор на 1 (еден) судија на Основен суд Гостивар.

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во чл. 43, ст. 1 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ број 36/95, 45/95 и 64/2003), а на кој упатува чл. 126 и 127 од преодните и завршните одредби на Законот за судовите („Сл.весник на РМ“ бр. 58/2006), како и условите предвидени во член 45 од Законот за судовите и чл. 6 и 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл.весник на РМ“ бр. 35 од 14.03.2008 година), пријавите со потребните документи во оригинал или во заверена копија, треба да ги поднесат до Судскиот совет на Република Македонија во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката во „Службен весник на Република Македонија“.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр. 07-1721/1 Судски совет
29 август 2008 година на Република Македонија
Скопје Претседател,
**Беќир Исени**, с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2175.**

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ” бр. 63/06 и 36/07), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ” бр.32/01, 50/01, 52/01 , 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 01.09.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 34,764 |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 34,907 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 35,866 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 41,192 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 40,582 |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 41,005 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 29,653 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 74,50 |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 71,50 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 72,50 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 67,50 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 56,00 |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 56,50 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 35,640 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката “г” и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 74,00 | 73,50 | 73,00 |
| ЕУРОСУПЕР - 95 | 71,00 | 70,50 | 70,00 |
| ЕУРОСУПЕР - 98 | 72,00 | 71,50 | 71,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | 67,00 | 66,50 | 66,00 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | 55,50 | 55,00 | 54,50 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 56,00 | 55,50 | 55,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-2, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-2 важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 0,150 |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 0,080 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 0,080 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 0,030 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 0,040 |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 0,040 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 0,050 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 24,522 |
| - ЕУРОСУПЕР - 95 | до 21,906 |
| - ЕУРОСУПЕР - 98 | до 21,794 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | до 12,282 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 3,136 |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 3,136 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-2 | до 0,100 |

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ (Д-Е IV) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л - ЕКСТРА ЛЕСНО | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М - 2 | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 02.09.2008 година.

Бр. 02-1421/1
1 септември 2008 година
Скопје

Претседател,
**Славе Ивановски,** с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008109